РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4238/1
01.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Втор дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврската утврдена во член 76-в став 2 од Изборниот законик, како и согласно Меморандумот за соработка склучен меѓу Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 04.02.2016 година, Агенцијата го доставува дневниот извештај за Локалните избори 2025 година, кој се однесува на 30 септември 2025 година.

Во овој извештај ве информираме дека за спроведување на обврските на Агенцијата утврдени во член 76-в од Изборниот законик, врз основа на склучен договор по спроведена постапка за јавна набавка, преку агенција за привремено вработување се ангажирани вкупно 25 надворешни соработници, а до крајот на неделава ќе бидат ангажирани дополнително уште двајца соработници. Заедно со вработените од Стручната служба на Агенцијата, на реализација на обврските за мониторинг на изборното медиумско претставување за време на Локалните избори ќе работат вкупно 42 лица. На сите ангажирани лица им беа направени соодветни обуки за законската регулатива, за методологиите за мониторинг и за користење на апликациите на Агенцијата за мониторинг.

За потребите на мониторингот врз платеното политичко рекламирање, Агенцијата со допис ги потсети радиодифузерите на законските обврски да доставуваат снимки од програмата, медиа планови и договори за платено политичко рекламирање. Имајќи предвид дека Агенцијата во својот систем за мониторинг располага со снимките од програмите на најголем дел од радијата и телевизиите, доставување на снимки на редовна основа е побарано од 7 ТВ и од 26 радија на локално ниво. За радиодифузерите беа подготвени повеќе упатства за начинот на достава на снимките, односно нивно прикачување на посебниот FTP сервер што се користи исклучиво за оваа намена. Сите упатства, дописи и други материјали за изборниот процес се постојано достапни во посебниот банер ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025 на нашата веб страница.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**